Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, а во врска со член 164 став (1) точка 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 април 2026 година донесе:

# ОДЛУКА

**за одобрување на План за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија**

1. Со оваа одлука се одобрува Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR PËR ENERGJETIKË, SHËRBIME TË UJIT DHE SHËRBIME TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 12-238/4
24. 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

## Образложение

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика одобрува, правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Согласно член 164 став (1) точка 15 од Законот за енергетика* операторот на електродистрибутивниот систем на својата веб-страница е должен да објави план за одржување на електродистрибутивната мрежа во согласност со мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), со допис бр. 20-492/1 од 16 февруари 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување План за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-238/1 од 17 февруари 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика со допис бр. 12-238/2 од 16 март 2026 година побара од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави ажуриран план во кој ќе бидат инкорпорирани напатствијата дадени од страна на Регулаторната комисија за енергетика во предметниот допис како и доставување на одлука на управителите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со којашто се донесува Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со допис бр.20-836/1 од 26 март 2026 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-238/3 од од 26 март 2026 година, достави ажуриран план и Одлука за донесување на Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година бр. 02-782/2-1 од 19 март 2026 година.

На 2 април 2026 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри Планот за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Скопје, кој што е во прилог на оваа одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-238/4**
**2 април 2026 година**
**Скопје**

**Заменик Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување на комунален отпад на Република**
**Северна Македонија**

**Lirim Sulejmani**

**Прилог:**

- План за одржување на електродистрибутивната мрежа за 2026 година на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје бр.20-836/1 од 26 март 2026 година